485	Вложувања и нефинансиски средства	504.000	0	6.000	0	0	510.000
486	Купување на возила	0	0	0	0	0	0
49	**ОТПЛАТА НА ГЛАВНИЦА**	**640.000**	**0**	**0**	**0**	**0**	**640.000**
491	Отплата на главнина до нерезидентни кредитори	640.000	0	0	0	0	640.000

Образложение кон Буџетот на општина Новаци

За 2022 година

Извори на финансирање приходи на општина Новаци

Планирани извори на приходи од кои ќе се финансираат расходите на Општина Новаци во Буџетот за 2022 година се од:

1.Даночни приходи

2.Неданочни приходи

3.Капитални приходи

4.Трансфери и донации

Приходите вна Буџетот на општината за 2022 година се планирани согласно законските рамки и досегашниот тренд на наплата од зворните приходи и дотации од Буџетот на република Македонија и со Буџетот за 2022 година се планирани износи кои се дадени во табелата:

Даночни приходи	**6.500.000,00**
Неданочни приходи	**1.214.000,00**
Капитални приходи	**45.009.000,00**
Приходи од дотации	**34.678.000,00**
Трансфери	**75.015.842,00**
Приходи од донации	**200.000,00**
Вкупно:	**162.616.842,00**

а.)Даночни приходи

Даночните приходи за 2022 година се планирани во износ од 6.500.000,00и тоа распределени за:

-Данок од доход,од добивка и од капитални добивки

-Даноци од имот

-Даноци на специфични услуги

-Такси за користење или дозволи за вршење на дејност

Б.)Неданочни приходи

Неданочните приходи во вкупниот Буџет на општина Новаци за 2022 година со износ од 1.214.000,00 се состои од:

-Глоби,судски и административни такси

-Такси и надоместоци

-Други владини услуги

-Други неданочни приходи

В.)Капитални приходи

Структурата на капиталните приходи ја сочинуваат продажбата на државното земјиште и нематеријалните вложувања во износ од 45.009.000,00.

Г.)Тансфери и донации

Учеството на трансферите од други нивоа на власт и донации од странство во вкупниот Буџет на општина Новаци за 2022 година се застапени со следниве износи:

-Тансфери од други нивоа на власт 75.015.842,00.

-Донации од странство 200.000,00

Планирани буџетски расходи на општина Новаци

Вкупните планирани расходи на општина Новаци за 2022 година изнесуваат 162.616.842,00 денари и со тоа се запазува буџетското правило на билансирани приходи и расходи.Истите се утврдени по одредени намени и видови:

-Плати и надоместоци

-Резерви и недефинирани расходи

-Стоки и услуги

-Каматни плаќања

-Субвенции и трансфери

-Социјални бенефиции

-Капитални расходи

-Отплата на главнина

Тековно оперативни расходи

Согласно законската регулатива општинскиот Буџет се следи преку различни видови на расходи,односно тековно-оперативни и капитални расходи.

Во рамките на тековно-оперативните расходи доминираат расходите за плати,наемнини,надоместоци за вработените како и плати во образованието со што се обезбедува редовна функција на основното училиште.

Резерви и недефинирани расходи

Постојаната резерва се употребува за расходи настанати како последица на природни и други несреќи ,како што се:суша,земјотрес,пожар,поплави и други природни односно еколошки несреќи во согласност со законот,животински заразни болести и растители штетници.

Средствата од тековната резерва се користат кога за одредени итни потреби на општината или нејзините буџетски корисници не се обезбедени средства или не се обезбедени во доволен износ.

Советот на општината со одлуката за извршување на буџетот на општината,или со посебен акт ја пределува употребата на средствата за претходно утврдените намени.

Стоки и услуги

Поради превземањето на поголем број надлежности во 2022 година планираниот дел на Буџетот на општина Новаци се однесува на стоки и услуги наменет за потребите на локалната самоуправа и основните училишта:

-Патни и дневни расходи

-Комунални услуги, греење,комуникација и транспорт

-Материјали и ситен инвентар

-Поправки и тековн одржување

-Договорни услуги

-Други тековни расходи

-Привремени вработувања

Субвенции и трансфери

Субвенции и трансфери опфаќа трансфери до невладини организации и разни трансфери:

-Трансфери до невладини организации

-Разни трансфери

Социјални бенефиции

Групата социјални бенефиции ги опфаќа социјалните надоместоци.

КАПИТАЛНИ РАСХОДИ

Капиталните расходи во најголем дел се однесуваат на изготвување на проекти,изградба на улици и патишта.Дел од средствата се планираат за изградба на системи за водоснабдување,уредување на просторот во руралните подрачја и др.Во капитални расхои се планирани средства за купување компјутерска опрема.Овие расходи се во функција на подобрување на јавните услуги и подобрување на ифраструктурата.

ФИНАНСИРАЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ ПО ПРИОРИТЕТИТЕ УТВРДЕНИ ВО ПРОГРАМИТЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА НОВАЦИ

СОВЕТ НА ОШТИНА НОВАЦИ

Финамсирањето на советот на општината се врши за реализација на следниве надлежности:

-Донесување Статут на општината и други прописи;

-Донесување на Буџет на општината,Одлука за извршување на буџетот на општините и годишна сметка на општината;

-Утврдување на висината на сопствените извори на приходи за финансирање на општините во границите утврдени со закон;

-Основање на јавна служба во рамките на надлежноста на општината и вршење надзор над нивната работа;

-Именување на членови на управен одбор;

-Усвјување на програми за работа;

-Усвјување на извештаи и др.

Работата на советот се финансира со износ од 6.711.000,00 денари..

ГРАДОНАЧАЛНИК

Финасирањето на градоначалникот на општината за реализација своите надлежности е во износ од 2.396.000,00 денари.

ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА

Средствата кои се планирани за работата на општинската администрација се во износ од 39.936.333,00 денари.

УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ И УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Тековно-оперативните расходи за урбанистичко планирање се наменети за подготовка на урбанистички планови.Нивниот износ е со 9.000.000,00денари.

КУЛТУРА

За културни манифестации поврзани со општината,односно нејзино функционирање,предвидени се 220.000,00 денари.

СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА

Во тековните активности на општината во областа на спортот спаѓаат следниве активности:

-Организирање на спортски приредби и манифестации;

-Поддржување на училишниот систем на натпревари;

-Поддржување на масовните спортско рекреативни активности на граѓаните.

ОБРАЗОВАНИЕ

Училиштата како буџетски корисник на општината подготвува финансиски планови за своето работење.За основното училиште во општина Новаци се планирани трошоци за плати и тековно-оперативни.

ПЛАН НА ПРОГРАМИ ЗА РАЗВОЈ

Преку развојните потпрограми се прикажуваат средствата за повеќегодишни проекти во износ поголем од 1.000.000,00 денари кои се наменети за подобрување на инфраструктурата ,патишта,водоводи,канализациони мрежи,партерно уредување,пречистување на отпадни води и др.

Општината приоритет во овие развојни програми му даде на 1 развоен проект;- Изградба на канализациона мрежа во с Добромири 7.000.000,00.

ПРОКЦИИ НА БУЏЕТ 2023-2024 ГОДИНА

Фискалните проекции за наредниот среднорочен период вклучително и 2022 година се базираат и на Економската политика на Република Северна Македонија за одржување на макроеконмска стабилност и потикнување на долгорочно одржливи високи стапки на пораст на бруто домашниот производ.

Прокциите за 2023 и 2024 година се прикажани во поделниот дел во прилог на Буџетот за 2022 година.

Изготвил:

Димитровска Оливера

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци„бр.07/2019, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Одлука за извршување на Буџетот на Општината за 2022 година

1. Објавувам Одлука за извршување на Буџетот на Општината за 2022 година
, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 29.12.2021 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-1093/2
31.12.2021 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа на член член 36, став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 05/02), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 61/04, 96/04 , 67/07, 156/09,47/11, 192/15 и 209/18)член 31 од Законот за буџетите(„ Сл.весник на РМ„ бр.64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16), член 93 став 2 од Закон за административни службеници(„Сл.весник на РМ„ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 80/16,127/16„142/16, 2/17,16/17 и 11/18) во согласност со член 94, член 21 став 1 точка 4 од Статутот на Општината („Службен гласник на Општината Новаци„ бр. 07/2019), Советот на општина Новаци на 4-та седницата одржана на ден 29.12.2021 година, ја донесе следната

ОДЛУКА
за извршување на Буџетот на Општината за 2022 година

Член 1

Буџетот на Општината Новаци за 2022 година, (во понатамошниот текст-Буџетот), се извршува според одредбите на оваа Одлука.

Член 2

Буџетот на Општината се состои од: Основен Буџет, Буџет на самофинансирачки активности; Буџет на донации, Буџет на дотации и Буџет на кредити.

Член 3

Извршувањето на Буџетот опфаќа наплата и евидентирање на приходи и други приливи во согласност со Закон и Планот на приходите, како и извршување на плаќања во согласност со одобрени средства.

Член 4

Корисниците на средствата на Буџетот се должни утврдените средства во Буџетот да ги користат наменски, рационално, економично како и ефективно и ефикасно да ги исполнат целите на Буџетската Програма преку транспарентни процедури.

Член 5

Расходите утврдени со Буџетот се максимални износи над кои буџетските корисници не можат да преземаат обврски.

За да се преземат нови обврски до Советот на Општината мора да се предложи нов извор на средства или да се предложи намалување на другите расходи од сразмерен износ.

Член 6

Градоначалникот на Општината ја следи реализацијата на Планот на приходите и другите приливи на основниот Буџет на Општината.

Доколку во текот на извршувањето на Буџетот градоначалникот на општината оцени дека се неопходни позначајни прераспределби на одобрените средства со буџетот или дека реализацијата на приходите и другите приливи значително отстапуваат од планот, предлага на Советот на општината изменување и дополнување на буџетот.

Член 7

Одобрените средства со буџетот на ниво на ставка во рамки на потпрограма и буџет, не може да бидат намалени повеќе од 20% со Одлука за прераспределба во тековната фискална година, како и одобрените средства за плати и надоместоци во рамки на буџетот не може да се зголемат со Одлука за прераспределба повеќе од 10 %

Член 8

Локалните јавни установи во услови кога во Буџетот на самофинансирачки активности; буџетот на донации и/или буџетот на дотации, планираните приходи и други приливи не се реализираат односно се реализираат над планираниот износ, доставуваат барање за намалување/зголемување на планот на приходите и другите приливи и планот на одобрените средства во овие буџети, кои Градоначалникот ги доставува до Советот на Општината на одобрување.

Член 9

Локалните јавни установи по усвојувањето на буџетот изготвуваат годишен финансиски план по квартали за користење на одобрените средства. Користењето на средствата во даден квартал буџетскиот корисник го извршува врз основа на Финансиски план по месеци.

Член 10

Општинските локалните јавни установи во рок од 15 дена по истекот на месецот за кој се однесува, до Градоначлникот доставуваат писмени месечни извештаи со образложение за извршувањето на нивните финансиски планови.

Член 11

Градоначалникот доставува до Советот на Општината писмени квартални извештаи со образложение за извршување на Буџетот во рок од 1(еден) месец по завршување на кварталот.

Член 12

Месечниот надоместок на членовите на Советот на општина Новаци за присуство на седниците на советот изнесува 40% од просечната месечна нето плата во Републиката, исплатена за претходната година.

На Претседателот на Советот за раководење и организирање на работата на Советот му се определува надоместок зголемен за 30% од утврдениот надоместок од став 1 на овој член.

Месечниот надоместок за присуство на седници на советот се исплатува за присуство на сите седници на советот во тековниот месец

Месечниот надоместок за присуство на седници на советот се намалува за 30% за секое отсуство од седница на советот

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот не се исплатува, доколку член на советот не присуствувал на ниту една седница на советот во тековниот месец

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот не се исплатува, доколку советот во тековниот месец не одржал седница

Член 13

Исплатата на платите на вработените ќе се извршува во рамките на обезбедените средства во Буџетот, односно нето платите се утврдуваат за:

-Коефициентот за градоначалник изнесува 2,7, а основицата изнесува 26,755 денари.

За вработените во општинската администрација:

- За државните службеници вредноста на бодот изнесува 81,6 денари

- За помошно технички лица во општинската администрација:

вредноста на бодот изнесува 76,19денари

помножено со содветен коефициент за оделни степени на сложеност согласно колективниот договор за државните,правосудните и органите на локална самоуправа на Република Македонија и Правилникот за определување на плата на вработените во општинската администрација на општина Новаци кои немаат статус на државни службеници.

Вредноста на бодот се определува врз основа на најниската основица за пресметување и плаќање на придонеси поделено со најнискиот број на бодови по работник согласно Правилникот за определување на плата на вработените во општинската администрација на општина Новаци кои немаат статус на државни службеници и Правилник за измена на Правилникот за определување на плата на вработените во општинската администрација со статус на помошно технички лица.

- за вработените во локалните јавни установи согласно Закон и Колективен договор

Член 14

Исплатата на платите на локалните јавни установи ја контролира и одобрува Министерството за финансии. Општината е должна два дена пред исплатата на плати, до надлежното министерство и Министерството за финансии да достави барање за одобрување на средства за плати, кон кои ќе ги приложат обрасци ПДД-МП и МП-1, копија од рекапитулацијата за пресметани плати, образец Ф-1 за бројот на вработените по име и презиме, плата како и други податоци во пишана и електронска верзија за односниот месец за кој се однесува исплатата и образец 6.

Член 15

На вработените им се исплатува надоместок за регрес за годишен одмор во висина од 60% од просечната нето плата по работник во Републиката објавена до денот на исплатата.

Член 16

Надоместокот за дневница за службено патување во Републикта, без трошоците за ноќевање, изнесува 700,00 денари.

Доколку патувањето траело повеќе од 12 часа се исплатува цела дневница.

За патување во траење од 8 до 12 часа се исплатува 50% од утврдениот износ во став 1 од овој член.

Доколку во агендата стојат платени трошоци за храна, се исплатува 20% од дневницата.

Член 17

Во случај на боледување подолго од шест месеци и во случај на потешки последици од елементарни непогоди во смисла на Законот за заштита од елементарни непогоди и други случаи, на работникот му се исплатува помош во висина од една последно исплатена просечна месечна плата во органот каде што е вработен.

Член 18

Во случај на смрт на вработениот во општината и локалната јавна установа на неговото семејство му припаѓа парична помош во износ од две последни просечни месечни нето плати во органот каде бил вработен работникот, но не повеќе од 30.000,00 денари.

На вработениот во општината и локалната јавна установа во случај на смрт на член во потесното семејство (родител, брачен другар, деца родени во брак или вон брак, посиноците, посвоените деца и децата земени на издржување), доколку живеел во заедница, му припаѓа парична помош во висина на една последно исплатена просечна месечна плата во органот каде што е вработен но не повеќе од 15.000,00 по семејство.

Живеењето во заедница подразбира вработениот во општината и локлната јавна установа и членот на потесното семејство да се со место на живеење на иста адреса што се докажува со документ за идентификација. Сите исплати на предните надоместоци се вршат врз основа на претходно оформена и комплетирана документација и донесено решение од страна на градоначалникот на општината.

Средствата за овие намени се планираат во Буџетот на општината во подпрограмата ДО градоначалник подставка 413110 тековни резерви /разновидни расходи/.

Член 19

Отпремнината при заминување во пензиија на вработениот во општината и локалната јавна установа е во висина на двократен износ од платата исплатена во Републиката за соодветниот месец во кој работникот заминува во пензија.

Средствата за оваа намена се планираат во ставката 464940- Трансфери при пензионирање во подпрограмата ДО- Градоначалник.

Член 20

Користењето на средствата од Буџетот на Општината за вршење на функциите на локалните

јавни установи се набавуваат со фактури во кои посебно се искажани расходите по поодделни ставки, почитувајќи ги одредбите од Законот за јавните набавки.

Набавката на стоки и вршење на услуги може да се врши и со сметкопотврди во случај кога за расходите неможе да се издаде фактура и само во ограничени поединечни износи во противвредност од 6.000,00 денари каде задолжително мора да биде приложена фискална сметка, при што расходите треба да бидат искажани по класификација на соодветниот расход.

Член 21

Буџетот на Општината може да планира Буџетска резерва за финансирање на непланирани расходи во износ, но не поголем износ од 3% од Буџетот.

За средствата утврдени во Буџетот на Општината како буџетска резерва, одлучува Советот на Општината, а ги извршува Градоначалникот. За искористените средства Градоначалникот е должен да поднесе годишен извештај за користењето на средствата од резервите до Советот.

Член 22

По барање за помош од физички и правни лица , градоначалникот можи да врши исплата до износ од 10.000,00 денари, од Програма Д 0.

Член 23

Средствата утврдени во Буџетот и распоредени во поодделните програми и потпрограми ги извршува Градоначалникот на Општината.

Член 24

Вработувањата во општинската администрација се вршат согласно актите за организација и систематизација на општината за кои се обезбедени средства во буџетот на општината. Градоначалникот дава писмено известување за обезбедените средства.

Локалните јавни установи од областа на културата, образованието и социјалната заштита кои се финансират со блок дотации можат да вработуваат нови работници доколку се обезбедени средства во Буџетот на Република Македонија за што писмено известување дава Министерството за Финанси, врз основа на барање од градоначалникот на општината до надлежното министерство за потреба од вработување во локалните јавни установи, со содветна пропратна документација.

Член 25

Кога приходите што му припаѓаат на Буџетот се погрешно уплатени или се наплатени во износ поголем од утврдениот, погрешно или повеќе наплатениот износ се враќа првенствено на Товар на видот на приходите на кои се уплатени, а доколку такви приходи нема, тогаш на Товар на другите приходи на Буџетот.

Повратот на погрешно или на повеќе уплатени, односно наплатени приходи се врши со решение на Градоначалникот, освен во случај каде надлежноста им припаѓа на други органи.

Член 26

Буџетот на Општината Новаци се извршува од 01.01.2022 до 31.12.2022 година.

Член 27

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во ,,Службен гласник на Општината Новаци,,.

Бр.14-1079/5 Совет на општина Новаци
29.12.2021 год. Претседател
Славица Најдовска-Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци„бр.07/2019, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Одлука за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2022 година

1. Објавувам Одлука за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2022 година, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 29.12.2021 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-1093/3
31.12.2021 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа на член 88 став (2) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија„ бр.27/14, 199/14, 48/15 и 154/15), член 62 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ„ бр5/02), во согласност со член 94 и член 21 став 1 точка 49 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци„ бр.07/2019), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 29.12.2021 година, донесе

ОДЛУКА
за утврдување на вредност на бодот за платите

на државните службеници за 2022 година

Член 1

Вредноста на бодот за пресметување на платите на државните службеници изнесува 81,6 денари.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Новаци„

Бр.14-1079/6
29.12.2021 год.

Совет на општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска-Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(,,Службен весник на Р.М.,,бр.5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци,,бр.07/2019, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Одлука за утврдување на вредност на бодот за платите на помошно технички лица во општинската администрација

1. Објавувам Одлука за утврдување на вредност на бодот за платите на помошно технички лица во општинската администрација, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 29.12.2021 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Новаци,,.

Бр.08-1093/4
31.12.2021 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа на член 88 став (2) од Законот за административни службеници (,,Службен весник на Република Македонија,, бр.27/14, 199/14, 48/15 и 154/15), член 6 од Законот за измени и дополнување на Законот за минимална плата во Република Северна Македонија(Сл.весник на РСМ бр.239/19). член 62 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа (,,Сл. Весник на РМ,, бр5/02), во согласност со член 94 и член 21 став 1 точка 49 од Статутот на општина Новаци (,,Службен гласник на општина Новаци,, бр.07/2019), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 29.12.2021 година, донесе

ОДЛУКА

за утврдување на вредност на бодот за платите на помошно технички лица во општинската администрација

Член 1

Вредноста на бодот за платите на помошно технички лица во општинската администрација изнесува 76,19денари

помножено со содветен коефициент за оделни степени на сложеност согласно колективниот договор за државните,правосудните и органите на локална самоуправа на Република Македонија и Правилникот за определување на плата на вработените во општинската администрација на општина Новаци кои немаат статус на државни службеници.

Вредноста на бодот се определува врз основа на најниската основица за пресметување и плаќање на придонеси поделено со најнискиот број на бодови по работник согласно Правилникот за определување на плата на вработените во општинската администрација на општина Новаци кои немаат статус на државни службеници и Правилник за измена на Правилникот за определување на плата на вработените во општинската администрација со статус на помошно технички лица.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен гласник на општина Новаци,,

Бр.14-1079/7
29.12.2021 год.

Совет на општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска-Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(,,Службен весник на Р.М.,,бр.5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци,,бр.07/2019, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Одлука за продолжување на воспоставената меѓуопштинска соработка помеѓу општина Новаци и општина Битола

1. Објавувам Одлука за продолжување на воспоставената меѓуопштинска соработка помеѓу општина Новаци и општина Битола , донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 29.12.2021 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Новаци,,.

Бр.08-1093/5 ОпштинаНоваци
31.12.2021 год. Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа на член 4 став (3) од Законот за меѓуопштинска соработка (,,Службен весник на РМ,, број 79/2009), член 14 став (1),член 36 став (1) точка 15 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 05/02) и член 12,), член 94 и член 21 став 1 точка 49 од Статутот на Општина Новаци (,,Службен гласник на општина Новаци,, бр.07/2019), Советот на општина Новаци на Седницата одржана на ден 29-12-2021 година, донесе

О Д Л У К А
за продолжување на воспоставената меѓуопштинска соработка помеѓу општина Новаци и општина Битола

Член 1

Се продолжува воспоставената меѓуопштинска соработка помеѓу општина Новаци и општина Битола воспоставена со:
Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина Битола и општина Новаци бр.14-357/14 од 03.04..2018 година и склучен Договор бр.03-200/5 од 17.04.2018 година, Одлука за продолжување на воспоставената меѓуопштинска соработка помеѓу општина Новаци и општина Битола бр.14-123/39 од 30.01.2019 година и Анекс Договор бр.03-198/1 од 07.02.2019 година, заклучно со 31.12.2020 година, Одлука за продолжување на воспоставената меѓуопштинска соработка помеѓу општина Новаци и општина Битола бр.14-965/9 од 26.11.2019 година и Анекс Договор бр.03-198/3 од 30.12.2019 година, Одлука за продолжување на воспоставената меѓуопштинска соработка помеѓу општина Новаци и општина Битола бр.14-792/16 од 30.12.2020 година и Анекс Договор бр.03-807/1 од 31.12.2020 година, **заклучно со 31.12.2022 година**,

Член 2

За продолжување на востановената меѓуопштинската соработка од член 1 на оваа Одлука двете општини ќе склучат меѓусебен договор.

Член 3

Ова Одлука велегува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Новаци,,.

Бр.14-1079/8 Совет на општина Новаци
29.12.2021 год. Претседател
Славица Најдовска-Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(,,Службен весник на Р.М.,,бр.5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци,,бр.07/2019, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Одлука за спроведување на мерки на Превентивна дезинсекција и Систематска дератизација за 2022 година

1. Објавувам Одлука за спроведување на мерки на Превентивна дезинсекција и Систематска дератизација за 2022 година, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 29.12.2021 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Новаци,,.

Бр.08-1093/6 ОпштинаНоваци
31.12.2021 год. Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа на член 12 од Законот за заштита на населението од заразни болести(,,Службен весник на РМ бр.66/04,,),член 62 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (,,Сл. Весник на РМ,, бр5/02),а во согласност со со член 94 и член 21 став 1 точка 49 од Статутот на општина Новаци (,,Службен гласник на општина Новаци,, бр.07/2019), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 29.12.2020 година, донесе

ОДЛУКА
за спроведување на мерки на Превентивна дезинсекција
и Систематска дератизација за 2022 година

Член 1

СЕ ОДОБРУВА спроведување на мерки на Превентивна дезинсекција и Систематска дератизација за 2022 година, како посебни мерки за заштита на населението од заразни болести

Член 2

Средствата ќе се обезбедат од Буџетот на општина Новаци.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесување и ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Новаци,,.

Бр.14-1079/9 Совет на општина Новаци
29.12.2021 год. Претседател
Славица Најдовска-Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци„бр.07/2019, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Решение за избор на Претседател и членови на Комисијата за попис

1. Објавувам Решение за избор на Претседател и членови на Комисијата за попис, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 29.12.2021 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-1093/7 ОпштинаНоваци
31.12.2021 год. Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа на член 62 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ„ бр5/02), во согласност со член 94 и член 21 став 1 точка 49 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци„ бр.07/2019), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 29.12.2021 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за избор на Претседател и членови на Комисијата за попис

I.

Се избира Претседател и членови на Комисијата за попис при Советот на Општина Новаци и тоа:

1. Петровски Благоја за Претседател
2. Ристевски Игорче-за член
3. Николовски Благојче- за член

II.

Задача на Комисијата за попис е да извршат попис на основните средства и ситниот инвентар во сопственост на Општина Новаци.

Работите од став 1 на овој член да се извршат со состојба на 31.12.2021 година.

III.

Мандатот на членовите на Комисијата за попис е до завршувањето на работите од точка **II.** на ова решение.

IV.

Решението влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Новаци„.

Бр.14-1079/10 Совет на општина Новаци
29.12.2021 год. Претседател
Славица Најдовска-Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци„бр.07/2019, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Програма за спроведување на активности на спортските друштва и одржување на спортската инфраструктура во општина Новаци за 2022 година

1. Објавувам Програма за спроведување на активности на спортските друштва и одржување на спортската инфраструктура во општина Новаци за 2022 година, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 29.12.2021 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-1093/8
31.12.2021 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа на член 62 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ„ бр5/02), во согласност со член 94 и член 21 став 1 точка 49 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци„ бр.07/2019), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 29.12.2021 година, донесе

ПРОГРАМА

За спроведување на активности на спортските друштва и одржување на спортската инфраструктура во општина Новаци за 2022 година

Спортот е дејност која ги опфаќа сите форми на спортски активности на спортистите од сите возрасти, како и спортско - рекреативните активности на граѓаните.
Заради остварување на потребите за занимавање со активности и заштита на правата и интересите од областа на спортот, граѓаните можат слободно и доброволно да се здружуваат и основаат спортски здруженија.
Во овие здруженија, строго е забрането политичко и верско организирање.
Спортски клуб е спортско здружение, односно трговско друштво кое врши дејност спорт.
Спортските клубови од различни спортови, заради остварување на јавниот интерес на општината во областа на спортот и заради планирање и реализација на програмските активности, можат да се здружуваат во општински и градски спортски сојузи од различни спортови.

Спортските клубови од ист спорт на ниво на општина, заради остварување и реализација на заеднички програмски активности, можат да се здружуваат во општински, односно градски сојузи од ист спорт.
Од јавен интерес е
- поттикнување на спортските активности на децата и младината;
- организирање и спроведување на спортски тренинг и натпревари за оспособување на спортистите постигнување на врвни спортски резултати;
- поттикнување и помагање на организирањето спортски приредби и манифестации;
- Одржување и функционирање на постојните и планирање и изградба на објекти за спорт во општината.

За да можат сите овие активности успешно да се реализираат, основно е во општината да има објекти за спорт.
- што се тоа објекти за спорт?

Тоа се уредени површини и објекти кои се во функција на вршење на спортските активности.

Финансиските услови за функционирање на спортските друштва и сојузи во општината претставуваат најголем проблем за нормално функционирање на истите, од општо позната економска состојба во која се наоѓа нашата општина, која се рефлектира и во спортот, а и непостоење на генерални спонзори за финансирање на клубовите.
Во рамки на надлежностите што ги има општината во делот на спортот и рекреацијата (развојот на масовниот спорт и рекреативните активности , организирање на спортски приредби и манифестации, оддржување и изградба на објекти за спорт, поддршка на спортски сојузи), а со цел развој

на физичката култура кај младите, што помасовен опфат на млади лица на спортските терени и превентивно делување, а воедно и одвраќање на младите од пороците кои што ги дебнат на секој чекор во нашето современо секојдневие, општина Новаци настојува да ја оддржи и продолжи спортската традиција кај Новачани, а воедно дава голем придонес во развојот на физичката култура во општината.

За реализација на програмата ќе се обезбедат средства од Буџетот на Општина Новаци од ставките:

	Трансфер на спортски клубови	**Изградба на спортски објекти**	
Организирање на меморијален фудбалски турнир : Пеце Матичевски 2020	**180 000 денари**		
Организирање на меѓународен фудбалски турнир: Младински КУП ФК Новаци	**150 000 денари**		
Трансфер на спортски клубови	**1 670 000 денари**		
Вкупно	**2 000 000 денари**		

Разгледувањето на барањата од спортските клубови ќе го врши градоначалникот на општина Новаци за средства до 10.000,00 денари, а за средства над 10.000,00 денари барањата ќе ги разгледува Советот на Општина Новаци.

Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник,, на општина Новаци

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска-Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци„бр.07/2019, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Програма за култура , културни активности , културни и други манифестации на општина Новаци за 2022

1. Објавувам Програма за култура , културни активности , културни и други манифестации на општина Новаци за 2022, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 29.12.2021 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-1093/9 ОпштинаНоваци
31.12.2021 год. Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа на член 62 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ„ бр5/02), во согласност со член 94 и член 21 став 1 точка 49 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци„ бр.07/2019), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 29.12.2021 година, донесе

ПРОГРАМА

За култура , културни активности , културни и други манифестации на општина Новаци

за 2022

I.ВОВЕД

Со донесување на системските закони кои се однесуваат на локалната самоуправа , за во контекст на процесот на децентрализација , општините добиваат и надлежност која се однесува на задоволување на културните права и потреби на граѓаните.Општинските културни активности и активностите на локалните културни установи и здруженија на граѓани во непосреден контакт со граѓаните многу попрецизно ќе ги откријат нивните културни потреби и формите за нивно задоволување , со што ќе го направат културниот живот во Општината побогат, поразновиден , подинамичен и поквалитетен.

II.ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Основни цели на Програмата на Општина Новаци од областа на културата:

1.Доближување на културата до сите граѓани .

-Преку оваа цел треба да им се овозможи на сите граѓани на Општина Новаци рамноправно да учествуваат како творци и како корисници , во културата и во културните случувања.

2.Поттикнување на современото творештво , со посебен фокус на културните потреби на младите.

-Земајќи ја во предвид перспективата на културниот развој , особен фокус ќе биде ставен на обезбедувањето материјални претпоставки за творештво и задоволувањето на културните потреби на младите.Ќе се поддржуваат и ќе се охрабруваат истражувањата и потребата по нови изразни средства, ќе се поддржуваат екпериментите и користењето нови медиуми на естетска експресија , како и проектите и установите што се занимаваат со

продукција и ширење на културни содржини и вредности за младата популација.

3.Обезбедување на активен однос на Општина Новаци кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на културата.

4.Зачувување и афирмирање на материјалното и духовното културно наследство на Општина Новаци .

5.Зачувување и афирмирање на културниот идентитет на Општина Новаци.

6.Презентирање и афирмирање на творци и интерпретатори од областа на културата.

III.АКТИВНОСТИ

Активностите на Општина Новаци во областа на културата ќе бидат насочени кон поттикнување , поддржување и помагање за остварување на целите на оваа Програма и тоа :

1.Зачувување на континуитетот на одржување на традиционалните културно-уметнички манифестации.

2.Реализирање на манифестации , програми и проекти кои и даваат посебно посебно обележје на Општина Новаци .

3.Создавање на услови за гостување на еминентни уметници од Република Македонија и странство во Општина Новаци .

4.Унапредување на меѓународната културна комуникација врз реципрочна основа со збратимените градови на Општина Новаци .

5.Остварување на продуктивна соработка со меѓународни асоцијации, организации и фондации кои го помагаат развојот на културата во локалните заедници.

III. ОРГАНИЗАЦИЈА И ПОДДРШКА НА МАНИФЕСТАЦИИ И ДРУГИ АКТИВНОСТИ , СОВРЕМЕНО ТВОРЕШТВО И ПРОЕКТИ ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА

-во текот на 2022 година ќе се организираат следните програмски настани:

МАНИФЕСТАЦИИ

Културно –забавно Лето Новаци 2022 со предлог програмски активности согласно Јавниот повик и конкурсот на Министерството за култура на Р.Македонија.	
-Концерти на класична музика	
-Фолк-концерти со познати естрадни уметници	
-Концерти со етно групи	
-Концерти на фолклорни друштва од странство и домашни	
-Професионални Театарски претстави	
-Изложби на ликовни уметници од Македонија и странство како и на млади автори	
-Стенд ап комедија	
-Креативни работилници	
-Етно концерт во с.Градешница	
-Музички танцов хепенинг	
-Детски музички фестивал	
-Фестивал –Избор на Летен Фолк Хит на Македонија	

ДРУГИ АКТИВНОСТИ

-Годишен концерт на КУД НОВАЦИ од Новаци **- Фестивал на традиционална храна-вкусот на традицијата општина Новаци 2022 –организатор здружение на жени пензионери пд Новаци -Силата на Бабата**	
-Учество на КУД НОВАЦИ од Новаци на концерти во Р.Македонија и на меѓународни фестивали и концерти.	
-Опрема за потребите на КУД НОВАЦИ од Новаци	

ФИЛМ И МУЛТИМЕДИЈА

-Снимање и промоција на документарен филм и репортажа за Општина Новаци	
-Работилници за фотографија и видео	
-Организирање на изложби на фотографии на отворен простор	
-	

ЛИТЕРАТУРА И ТВОРЕШТВО

-Конкурс за раскази и литературни творби –издавање на збирка поезија и проза од млади автори од Општина Новаци	
-Пелагониски културно-научни средби Новаци 2022	
-Поетска манифестација	

ТЕАТАР

-Професионални театарски претстави за деца и млади
-Аматерски театарски претстави за деца и млади
-Театарски работилници под менторство на професионален актер

ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ВАЖНИ ДАТУМИ И АКТИВНОСТИ

-Ден на Општина Новаци –сценско музичка програма и други активности
-Фестивал на книгата 23 април
-Меѓународни денови на Општина Новаци -делегации од сите збратимени општини со пригодна музичко-сценска програма каде ќе бидат претставени културните традиции на земјите –гости .
-Следење на важни датуми со можност за пригодно одбележување на светските денови
-Ден на Европа 9 мај
-Светска недела на детето
-Новогодишна детска претстава
-Новогодишен хуманитарен караван
-Велигденски хуманитарен караван
-Музички танцов хепенинг со пригодна програма за почеток или крај на учебната година
-Фитнес програмски активности
-Учество на домашни и меѓународни фестивали
-Еколошки работилници и акции за неформална едукација на младите
-Соработка со сите видови на уметници , здруженија од областа на културата , установи , како и негување на фолклорот, занаетчиството и слични културни вредности.

ПОДОБРУВАЊЕ НА ТУРИСТИЧКАТА ПОНУДА ВО РЕГИОНОТ НА МАРИОВО –ОПШТИНА НОВАЦИ

-Едукативна еко екскурзија-Мариово чисто **-Инфо тура за туристички агенции и тур оператори од Македонија** **-Мариово -фото сафари** **-Астроучилница –кампување во Мариово со астроучилница за деца и воздрасни** **-Велосипедска екскурзија -Допро Поле** **-Едукативен камп за деца од основните училишта во Мариово**

ДРУГИ МАНИФЕСТАЦИИ

1. **ЏИП ТУРНЕЈА МАРИОВО**
2. **ЦРКОВНИ МАНИФЕСТАЦИИ**
3. **ДРУГИ МАНИФЕСТАЦИИ**

ДРУГО

-ТЕХНИЧКА ПОДДРШКА (озвучување , осветлување, бина , рампа , писта) **-МАРКЕТИНГ И КООРДИНАЦИЈА** **-ВОДИТЕЛИ** **-ВОЛОНТЕРСКА ПОДДРШКА**

IV. ИНСТИТУЦИЈАЛНА И ФИНАНСИСКА ПОДРШКА НА КУЛТУРНИ , ДРУГИ МАНИФЕСТАЦИИ И СОВРЕМЕНО ТВОРЕШТВО

За реализација на програмата ќе се обезбедат средства од Буџетот на Општина Новаци , државни институции , спонзорства и донации.

Средствата ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Новаци од следните ставки

1.Културни манифестации и творештво
* 50. 000 денари договорни услуги
* 70. 000 денари оперативни расходи
* 100 000 денари печатење , копирање

2.Трансфери до здруженија на граѓани и фондации -1.200. 000 денари

Здруженија на граѓани , невладини организации , верски заедници , физички лица треба да достават барање и програма за да можат да ги користат средствата од Буџетот на Општина Новаци .

Разгледувањето на барањата од здруженија на граѓани , невладини организации , верски заедници , физички лица ќе го врши Градоначалникот на општина Новаци за средства до 10.000 денари , а за средства над 10.000 денари барањата ќе ги разгледува Советот на Општина Новаци .

По завршувањето на проектите секој реализатор е ДОЛЖЕН до Советот на Општина Новаци да достави ИЗВЕШТАЈ (финансиски и оперативен) за реализација на одобрените средства.

Програмата влегува во сила со денот на објавување во “ Службен гласник на општина Новаци ”.

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска-Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци„бр.07/2019, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Програма за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Новаци за 2022 година

1. Објавувам Програма за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Новаци за 2022 година, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 29.12.2021 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-1093/10
31.12.2021 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа на член 84 од Законот за градежното земјиште („Службен весник на РМ„ бр.17/2011), Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиште и начинот на пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште според степенот на уреденост („Службен весник на РМ„ бр38/2011), и чл. 21 став 1 т. 9 од Статуот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци„ бр.07/2019), Советот на Општината Новаци, на седницата одржана на 29-12-2021 год., донесе

ПРОГРАМА
ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕТО НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА НОВАЦИ ЗА 2022 ГОДИНА

ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со оваа Програма се уредуваат работите што го сочинуваат обемот на уредување и степенот на опремување на градежното земјиште со комунални објекти и инсталации, се определува надоместокот и начинот на здружување и насочување на средствата за уредување на земјиштето.

СОДРЖИНА НА ПРОГРАМАТА:

Член 2

1). ПОДРАЧЈАТА НА КОИ ЌЕ СЕ ВРШИ УРЕДУВАЊЕТО НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ,
2). ОБЕМОТ НА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ,
3). СТЕПЕНОТ НА ОПРЕМУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО СО ОБЈЕКТИ НА ОСНОВНАТА И СЕКУНДАРНАТА ИНФРАСТРУКТУРА,
4). ИЗВОРИ НА ФИНАСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА,
5). ВИСИНА НА НАДОМЕСТОКОТ И НАЧИН НА НАПЛАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ,
6). ДИНАМИКА И МЕРКИ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА,
7). УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА НОВАЦИ,
8). НАЧИН НА ЗДРУЖУВАЊЕ И НАСОЧУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА,
9). ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

1. ПОДРАЧЈА НА КОИ ЌЕ СЕ ВРШИ УРЕДУВАЊЕТО НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

Член 3

Просторот што ќе се уредува во 2022 година, ќе биде изграденото и неизграденото земјиште на подрачјето на Општина Новаци, утврдено со урбанистички планови изработени за населените места.

1. ОБЕМ НА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

Член 4

Уредувањето на градежното земјиште во градежниот реон опфаќа:

1. Подготвување и расчистување на градежното земјиште, и
2. Опремување на градежното земјиште со комунални објхекти и инсталации.

Член 5

Подготвување и расчистување на градежното земјиште опфаќа:

- Изготвување на урбанистички планови со инфраструктура,
- Оформување и обезбедување на геодетска документација, подлога и елаборати,
- Изработка на елаборати за експропријација,
- Регулирање на имотно правните односи со сопствениците на имотот,
- Отстранување, преместување на постојните комунални објекти, инсталации што сметаат при градбата и користењето на објектот,
- Преселување на станарите и покуќнината,
- Рушење на објектите и пренесување на шутот од урнатите работи до кота на самониклива почва,
- Основни геомеханички испитувања на теренот,
- Асанациони работи (израмнување на земјиштето, насипување, одводнување, осигурување од лизгање, расчистување на земјиштето од депонии и земја и растенија и други асанациони зафати),
- Програмирање на уредувањето

Член 6

Под поимот израмнување на земјиштето како дел од асанациските работи се сметаат: израмнување на теренот во рамките на општата нивелета и нагибот на теренот со израмнување на сите неравнини кои излегуваат надвор од тие рамки, односно до кога на природната конфигурација на теренот, а не доведување на земјиштето во хоризонтална положба.

Член 7

Под поимот одводнување на земјиштето на како дел од асанационите работи се сметаат, зафаќање и одводнување на површинските води од населбите но не и од самата локација.

2.СТЕПЕНОТ НА ОПРЕМУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО СО ОБЈЕКТИ НА ОСНОВНАТА И СЕКУНДАРНАТА ИНФРАСТРУКТУРА

Член 8

Опремувањето на градежното земјиште со комунални објекти и инсталации опфаќа две групи:

- опремување на земјиштето со основни инфраструктурни објекти и инсталации содржани во основниот урбанистички план од заедничко користење, и
- опремување на земјиштето со секундарни инфраструктурни објекти и инсталации опфатени со деталните урбанистички планови и од индивидуално користење на објектот.

Член 9

Опремувањето на земјиштето со основни инфраструктурни објекти и инсталации опфаќа:

- основни сообраќајници (магистрални и примарни),
- магистрални и примарни водоводи за довод на вода во населбите и др. водоснабдителни објекти,
- колектори за одвод на фекални и атмосферска вода,
- пречистителни станици и
- електрична високонапонска мрежа и трафостаници над 10 KW.

Средствата за проектирање и изградба на објектите од овој член се обезбедуваат од надоместокот за употребата на градежното земјиште, стопанските субјекти, самопридонеси, Републички средства и други извори на средства.

Член 10

Степенот на уреденост на градежното земјиште со секундарни инфраструктурни објекти се определува на основа обемот на опременост на земјиштето со објекти и инсталации кои се потребни за задоволување на заедничката и индивидуалната потрошувачка, до границите на градежната парцела.

Степенот на уреденост на градежното земјиште од став 1 на овој член може да биде основен, повисок или понизок од основниот.

Член 11

- Изградба и санација на мини брани и водособирници во селата Грумази,Долно орехово, Арматуш, Живојно и Гнеотино
- Изградба на водопоило во с. Живојно и санација на постоечките
- Проектирање и изградба на брана на река Елешка во соработка со централната власт и меѓународните финансиски институции
- Рехабилитација и осовременување на водоводот во с. Грумази

3.Изработка на стратешки документи

-Изработка на Стратегија за локален економски развој

-Изработка на Стратегија за Локален акционен еколошки план ЛЕАП

-Регистрирање на стопански субјекти

-Изработка на стратегија за Рурален Развој

- Изработка на стратегија за Рурален Алтернативен туризам

-Подготовка, дизајн и печатење на новите стратешки документи.

4.Меѓуопштинска соработка

Во областа на меѓуопштинската соработка Општина Новаци во 2022 година ќе продолжи да соработува со општините од регионот и со општините од Р.Македонија , со кои ќе учествува во подготовка и реализација на заеднички проекти и активности.

5.Потикнување на развој на туризмот во општина Новаци

Општина Новаци во делот за поттикнување на развојот на туризмот ќе се насочи кон активности во различни подрачја на делување, а со цел создавање на соодветни услови за искористување на конкурентните предности и дефинирање на туристичката понуда и производи идентификувани согласно стратешките документи и усвоените приоритети. За таа цел се предвидуваат следните активности:

-Претставување на општина Новаци на домашни и меѓународни саеми.

-Подготовка и дизајн на промотивен материјал на македонски и странски јазик за привлекување на туристи и посетители во општина Новаци

-Продлабочување на соработката со збратимените општини со фокус на можностите за развој на разните видови туризам и економијата воопшто.

-Креирањето и збогатувањето на туристичкиот потенцијал и понудата со посебен акцент на алтернативниот рурален туризам преку организирање на промотивни активности од различни области, (спортско–рекреативни, културни, кулинарски, традиционални и сл. настани), до подобрување на условите за понатамошен развој на туризмот.

-Промоција на алтернативни форми на туризам – како можност за создавање на дополнителни приходи во општината и нови вработувања за мажите и жените.

Други форми на активности со кои се помага развојот на туризмот и промоцијата на Општина Новаци се следните:

- Обезбедување сместувачки капацитети на територијата на општина Новаци со средства од меѓународни фондови и донатори за домашните и странските туристи како и за учесниците на одделни манифестации и активности во организација на општината.

-Организирање протоколарни и промотивни средби при одржување манифестации и реализирање на разни активности од областа на промоција и развој на туризмот и други активности во општината.

-Изработка на физибилити студија за развој на алтернативниот, руралниот , меморијалниот туризам на територијата на Општина Новаци.

-Поставување на табли, патокази, обележување на туристички патеки

-Туристички инфо центар во склоп на Општина Новаци

-Развој на руралниот туризам преку користење на ЕУ фондови

- Партерно уредување на шумска патека од с. Зовиќ до мостот

- Уредување на капалиште во селата Зовиќ и Градешница

- Субвенции за рехабилитација на куќите во Мариовскиот дел од општината

- Мариово –Едукативна ексурзија за деца од основните училишта

- Инфо тура за туристички агенции

- Мариово – фото сафари

- Етно работилница – изработка на биено (тепано) сирење

- Астроучилница – кампување во Мариово со астроучилница за деца и возрасни

- Добро Поле – местото каде е пробиен Македонскиот фронт за време на Првата светска војна – велосипедска и 4х4 екскурзија

6.Меѓународна соработка

Во областа на меѓународната соработка Општина Новаци во 2022 година ќе се насочи кон продлабочување на воспоставената соработката со збратимените општини како и проширување на соработката со нови партнери преку :

-Организирани посети на претставници од општина Новаци во збратимени општини а со цел размена на искуства и заедничка подготовка на апликации.

- Организирање на меѓународни средби и престој на делегации во Општина Новаци и наши делегации во странство

7.Прекугранична соработка

Во делот на прекуграничната соработка, одделението за Локален економски развој ќе оствари средби со партнери од грчка и албанска страна,наши досегашни партнери со кои сме реализирале проекти од ИПА програмата за прекугранична соработка од новиот програмски период 2021-2027 со цел остварување на нови партнерства и аплицирање на нови проекти од посочените програми.

Партиципација односно сопствено учество на Општина Новаци при аплицирање и реализација на проекти од ЕУ фондови, државни фондови, институции, и други донатори; 1.000.000,00 денари.

8.Екологија и енергетска ефикасност

Здравата животна средина е нужен предуслов за живот и за подигнување здрави поколенија. Токму затоа општинската администрација ќе биде насочена кон превенција на непрописно постапување со отпадот и шутот, едукација на граѓаните за придобивките на здравата животна средина, како и мерки за загадувачите на средината во која живееме, воведување на субвенции за набавка на високоефикасни инвертер клима уреди за жителите на Општина Новаци, субвенции за изградба на термофасади и сл.

Нашите најважни проекти, во функција на ***заштита на животната средина*** во следниот четиригодишен период ќе бидат:

-Воведување на субвенции за жителите не Општина Новаци за изградба на термо фасади и подобрување на енергетската ефикасност во објектите за индивидуално домување.Проектот има за цел да ја подобри енергетската ефикасност во објектите за индивидуално домување во Општина Новаци.Проектот ќе биде финансиски поддржан од буџетот на Општина Новаци, во висина од 10% од вкупниот износ од потрошените средства за секоја одобрена апликација.Вкупниот износ за реализација на овој проект е димензиониран во Буџетот на Општина Новаци во износ од 3.000.000 денари. На имплементацијата на овој проект ќе му претходи изработка на правилникот за доделување на субвенции за енергетска ефикасност како и јавен повик за прибирање на апликации од сопствениците на индивидуалните домови.

- Воведување на субвенции за набавка на високоефикасни инвертер клима уреди за загревање на индивидуалните домови. Распределбата на средствата за субвенционирање ќе се врши врз основа на јавен повик а вкупниот износ за реализација на овој проект е димензиониран во Буџетот на Општина Новаци во износ од 1.500.000 денари. Едно домаќинство може да добие и да искористи субвенција во максимален бруто износ од 20.000 денари, во кој износ влегуваат трошоците за набавка и монтажа и данокот на личен доход.
Максималниот број на домаќинства кои можат да добијат и да користат субвенција изнесува 75 домаќинства.

Вкупниот износ на средства за оваа намена во буџетот на општина Новаци за 2022 година изнесува 4.500.000,00 денари.

9. Поддршка на регионалниот економски развој

Главната цел на оваа поддршка е создавање услови за значително намалување на диспаритетите овозможувајќи подобри можности за живот на сите граѓани за развивање и унапредување на техничките, организациските и човечките капацитети на институциите во областа на регионалниот развој, унапредување и понатамошно подобрување на законската рамка, стратегиите и акционите планови, и подобрување на координацијата за рамномерен регионален развој на национално ниво.

10.Проект - Општинско корисна работа

Проектот ОКР 2021/22 е поддржан од програмата на Обединетите нации - UNDP**,** Агенцијата за вработување и Министерството за труд и социјална работа. Програмата започна да се реазлизира на 01.09.2021 година а ќе трае до 31.05.2022 година. Има за цел да овозможи социјално вклучување на невработените лица преку нивно ангажирање на определено скратено работно време. Со оваа програма се ангажираат 2 невработени лица - логопеди , кои работат на говорот на децата од ЦОУ „Славко Лумбарковски „ Новаци и ДГ „Бамби“ од Новаци. Општината го финансира делот за персонален данок на секое ангажирано лице и патниот трошок на ангажираните лица. Овој проект ќе продолжи и понатаму преку аплицирање на новиот повик за оваа програма кој се очекува да биде објавен на почетокот на летото мај/јуни 2022 година и можност на вклучување на дополнителен број ангажирани невработени лица од други профили зависно од потребите на Општина Новаци. За овој проект од буџетот на Општина Новаци во 2022 година се планирани 200 000,00 денари.

11.Транспарентна општина и информирање и едукација на јавноста за придобивките и одговорноста на граѓаните во единицата на локална самоуправа преку креирање на одржлив систем на комуникација и комуникациски менаџмент

Транспарентноста и отчетноста, надополнети со партиципативноста, се основни принципи на доброто владеење и се клучни за јавноста да има информации и увид, но и да учествува во креирањето на општествените политики. Она што е од огромно значење е граѓаните да бидат целосно информирани но и во што поголема мера да партиципираат во процесот на донесувањето на одлуки и во креирањето на локалните политики и важните стратешки документи , кои што нив директно или индиректно ги засегаат.

12.Други оперативни расходи и договорни услуги

-Учество на обуки , работилници, семинари и сл.

-Превод на документи за потребата на работењето на општина Новаци

-Консултантски услуги

- Ревизија на проекти

-Договори за одредени услуги со правни или физички лица или хонорари

Износот на оваа ставка во Буџетот на општина Новаци за 2022 година изнесува 550.000,00 денари.

13. Плаќање на членарина на ЗЕЛС , АЛДА и други здруженија и асоцијации во кои членува и со кои соработува општина Новаци.

Износот на оваа ставка во Буџетот на општина Новаци за 2022 година изнесува 52.000,00 денари.

14.Изработка на база на претпријатија и вклученост во „ Проектот за зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите“ со УСАИД

Во соработка со Стопанската комора ќе се изработи детална база со сите карактеристики на фирмите по дејност по обем на бизнис, суровини број на вработени и сл. Ова база ке овозможи повисок степен на промоција на фирмите од Општина Новаци. За да може да се реализираат што поефикасно и попрактично предвидените активности од областа на локалниот економски развој потребно е да се има свежа база на податоци со сите правни субјекти кои работат на територијата на Општина Новаци.
Исто така Општина Новаци во февруари 2022 година ќе биде вклучена во „ Проектот за зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите“ со УСАИД.Целта на проектот е зголемување на сопствените извори на приходи и поголема искористеност на надворешните извори на финасирање на општините, како и зголемување на стапката на реализација на буџетот во согласност со условите на централната власт во однос на буџетирањето и поднесувањето на извештаи. Проектот ќе работи заедно со локалните и централните власти на: јакнеење на квалитетот на системите за собирање на даноци и надоместоци во општините, зголемување на капацитетот на општините за пристап до надворешните ресурси од централната власт, меѓународните организации, пазарите на капитал и банки, и подобрување на способноста на општините да управуваат со јавните финансии во согласност со позитивната законска регулатива.

15.Воведување на стандарди во работењето ИСО и ELOGE

Целта на овој проект е имплементација на Стандард за систем за управување со квалитет согласно меѓународните барања, а која ќе воведе нови стандарди во начинот на работа и во пристапот кон граѓаните. Одговорна општинска администрација подразбира систем на организација на работни задачи, одговорности и систем на контрола, која беспрекорно ќе ја реализира улогата на сервис на граѓаните.

ISO 9001 е најупотребуваниот стандард за менаџирање на квалитетот и е создаден околку седум принципи на менаџирање на квалитетот и тоа:
- Фокус кон корисниците
- Лидерство
- Вклученост на луѓето
- Подобрување
- Приод кон процеси
- Управување со врски
- Донесување на одлуки врз база на докази

Со воведувањето на стандардот ISO9001 општината покажува дека нуди услуги со постојан квалитет и услугите се ориентирани кон граѓаните во законска рамка, дека општината го зголемува позитивното искуство на граѓаните при извршување на надлежностите на општината и ќе се зголеми функционалноста на општинската администрација.

Имплементацијата на ИСО стандардите ќе се реализира со средства од општинскиот буџет или пак со средства од странски донатори.
Општина Новаци ќе биде вклучена во проектот „Европска ознака за извонредност на управувањето ELOGE“ кое претставува признание за достигнувањата и инструментите за општините да ги разберат нивните предности и подобрат нивните слабости. Проектот има за цел да ги поддржи единиците на локалните самоуправи да ги подбрат своите стандарди и да обезбедат висококвалитетни услуги во рамките на локалната самоуправа.Проектот ќе се спроведува во соработка со Европската асоцијација за локална демократија АЛДА.

16. Поддршка на земјоделците за искористување на средствата од ИПАРД

Со цел искористувањето на средствата од програмите за финансиска поддршка од ИПАРД, како и олеснување на пристапот на земјоделците од Општина Новаци до средства со кои ќе можат да го прошират сопственото производство, општината ќе организира советување за земјоделците со преставници од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Агенцијата за поттикнување на развој на земјоделството и со други експерти.

ФИНАНСИРАЊЕ

Предвидените проектни активности во рамки на оваа Програма во вкупна вредност од 10.152.000,00 денари ќе бидат финансирани со средства од:

- Буџет на Општина Новаци за 2022 година,
- Буџетот на Р. Македонија,
- Меѓународни донатори
- Фондови достапни по Програми на Европска Унија,
- Јавно - приватно партнерство помеѓу Општината и бизнис секторот.
-

- **БУЏЕТ НА ПРОГРАМАТА**

Ред. Бр.	**Активност**	**Износ МКД**
1	Поддршката на Локалниот економски развој на општина Новаци	
2	Развој на земјоделството	
3	Изработка на стратешки документи	
4	Финализација на започнатите проекти	
5	Меѓуопштинска соработка	
6	Потикнување на развој на туризмот во општина Новаци	1.000.000,00
7	Меѓународна соработка	
8	Прекугранична соработка	
9	Екологија и енергетска ефикасност	4.500.000,00
10	Поддршка на регионалниот економски развој	
11	Проект - Општинско корисна работа	200.000,00
12	Транспарентна општина и информирање и едукација на јавноста за придобивките и одговорноста на граѓаните во единицата на локална самоуправа преку креирање на одржлив систем на комуникација и комуникациски менаџмент	
13	Други оперативни расходи и договорни услуги	550.000,00
14	Плаќање на членарина	52.000,00

15	Изработка на база на претпријатија и вклученост во „ Проектот за зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите“ со УСАИД	
16	Воведување на стандардите ИСО и ELOGE	
17	Партиципација односно сопствено учество на Општина Новаци при аплицирање и реализација на проекти од ЕУ фондови, државни фондови, институции, и други донатори	1.000.000,00
18	Подготовка на проекти согласно стратешките документи и годишните програми на општината за аплицирање пред домашни и меѓународни фондови	2.850.000,00
	ВКУПНО:	10.152.000,00 денари

Организација на Програмата за активностите на Општина Новаци во областа на Локалниот економски развој во 2022 година ќе ја имплементира Одделението за комунални дејности, сообраќај, урбанизам, заштита на животна средина и локален економски развој со релевантните одделенија во Општината.

Завршни одредби

Комисијата за финансирање, буџет и локален економски развој го следи реализирањето на предвидените активности во рамки на оваа Програма, покренува иницијативи, дава мислења и поднесува предлози во врска со остварувањето на нејзините цели.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Новаци“.

Совет на Општина Новаци

Претседател

Славица Најдовска-Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци„бр.07/2019, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Одлука за реализација на финансиски трансвери до здруженија на граѓани, спортски, технички, и научни друштва, наменски дотации за културно-уметнички манифестации и еднократна парична помош на физички лица и лица си посебни потреби за 2022 година

1. Објавувам Одлука за реализација на финансиски трансвери до здруженија на граѓани, спортски, технички, и научни друштва, наменски дотации за културно-уметнички манифестации и еднократна парична помош на физички лица и лица си посебни потреби за 2022 година, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 29.12.2021 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-1093/13 ОпштинаНоваци
31.12.2021 год. Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа на член 62 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ„ бр5/02), во согласност со член 94 и член 21 став 1 точка 49 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци„ бр.07/2019), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 29.12.2021 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ФИНАНСИСКИ ТРАНСФЕРИ ДО ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИ, СПОРТСКИ, ТЕХНИЧКИ И НАУЧНИ ДРУШТВА, НАМЕНСКИ ДОТАЦИИ ЗА КУЛТУРНО-УМЕТНИЧКИ МАНИФЕСТАЦИИ И ЕДНОКРАТНА ПОМОШ НА ФИЗИЧКИ ЛИЦА И ЛИЦА СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ ЗА 2022 ГОДИНА

Член 1

Со оваа Одлука се утврдуваат условите под кои може да се поднесе барање за реализација на финансиски трансфери до здруженијата на граѓани, поединци, научни, спортски друштва и други организации од невладиниот сектор, наменски дотации и еднократни парични помошти на физички лица на подрачјето на Општината Новаци.

Член 2

Средствата предвидени во Буџетот на годишно ниво за трансфери до здруженија на граѓани, поединци и наменски дотации според член 1 ќе се распределуваат за следниве намени:

- Поддршка на Здруженија на граѓани и поединци на Проекти за природни ресурси во Општина Новаци;
- Поддршка на Здруженија на граѓани и поединци на Проекти од областа на локалниот економски развој, образованието, културата, техниката, науката, здравството, спортот и младите, ресурсите на месните заедници, екологијата, половата еднаквост и др.;
- Поддршка на физички лица од областа на образованието, културата, техниката, науката, здравството, спортот и друго, категоријата на социјала и настрадани семејства од елементарни непогоди.

Член 3

Финансиската поддршка на погоре наведеното во член 2 е можна по доставено барање од барателите до Општината Новаци, доколку истите се регистрирани во надлежен суд на подрачјето на Општината Битола, додека за

физичките лица по доставени потребни документи за нивниот статус од надлежните служби.

Член 4

Финансиската помош на наведените трансфери во член 2 алинеја 1, 2 и 3 се доделува до максимален износ од 2.000.000,00 ден. во зависност од извршената евалвација на доставените проекти од страна на соодветните Комисии на Советот на општина Новаци.

Член 5

Финансирањето од Буџетот на Општината Новаци на физички и правни лица се состои во еднократна парична помош за покривање на трошоци од областа на здравство, социјала, култура, спорт, образование, погребални трошоци и др.

Средствата за покривање на трошоци од областа на здравство, социјала, култура, спорт, образование, погребални трошоци и др, кои се движат до максимален износ од 20.000,00 денари, со акт на Советот.

Средствата за покривање на трошоци од облас на здравство, социјала, култура, спорт, образование, погребални трошоци и др, кои се движат до максимален износ до 10.000 денари, со акт од градоначалникот.

Барателите се должни да достават соодветен акт или потврда од надлежна институција.

Член 6

Еднократна парична помош ќе се доделува и на семејства настрадани од елементарни непогоди.

Помошта би се движела во зависност од причинетата штета и би се сведувала на две категории:

- Прва категорија А -50.000ден. (Во исклучително тешки случаи).
- Прва категорија Б -20.000ден.
- Втора категорија - 10.000 ден.

Составен дел на барањето би бил записникот од извршениот увид и проценетата штета на соодветна овластена институција или Комисија формирана од Советот.

Член 7

Средствата предвидени во Буџетот ги доделува Комисијата за финансии и буџет -Советот на Општината Новаци и Градоначалникот на Општината Новаци.

Член 8

Заинтересирани поединци, здруженија на граѓани, организации од невладиниот сектор и други асоцијации од Општината Новаци, можат да ги доставуваат барањата и да настапуваат преку заеднички проектни активности во соработка со општинската администрација и соодветните комисии при изработката на проекти.

Член 9

Корисниците на средствата се обврзни да поднесат Извештај за начинот на реализацијата на добиените средства

Член 10

Доколку барањата на подносителите не се поткрепени со потребната документација (програми и проекти и сл.) Комисијата-Советот, нема да ги разгледува.

Член 11

При распределбата на средствата за оваа намена од соодветните ставки на Буџетот на Општинта Новаци, се предлага комисиите при Советот на Општината Битола да се придржуваат на овие критериуми.

Член 12

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Новаци„.

Бр.14-1079/16 Совет на општина Новаци
29.12.2021 год. Претседател
Славица Најдовска-Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци„бр.07/2019, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Годишна Програма за изработка на урбанистички планови на територијата на општина Новаци за 2022 година

1. Објавувам Годишна Програма за изработка на урбанистички планови на територијата на општина Новаци за 2022 година, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 29.12.2021 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-1093/14
31.12.2021 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа член 22, став 1, точка 1, од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/02), член 18 став 1 точка 1, член 94, член 21 став 1 точка 49 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци„ бр.07/2019),), а во согласност со член 40 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр.32/2020) , Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 29.12.2021 година донесе:

Г О Д И Ш Н А П Р О Г Р А М А

за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Новаци

за 2022 година

ВОВЕД

Планирањето е основа за создавање на единствена реална функционална целина, преку која се овозможува и отворање на нови локации за: домување, комерцијални и деловни намени, јавни институции, производство, дистрибуција и сервиси и зеленило и рекреација.
Планирањето се овозможува преку:

- Изработка на Урбанистички планови за село
- Изработка на Урбанистички планови вон населено место
- Изработка на Урбанистички проекти

Имајќи го во предвид член 93 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр.32/2020) ќе продолжат постапките за изработка и донесување на следните документации за кои е одобрена планска односно проектна програма:

- Локална урбанистичка планска документација
- Проекти за инфраструктура
- Архитектонско урбанистички проект

ПЛАНИРАЊЕ

Врз основа на годишната програма за изработка на плановите, општината (нарачателот на планот) склучува договор со овластена организација за изработка на урбанистички планови. Со договорот се утврдува содржината на планот (програма), роковите за изработка, начинот на плаќање и други права и обврски на нарачателот и изработувачот на планот.
Финансирањето на урбанистичките планови се планира да се обезбеди со:

- Средства од надомест за уредување на градежно земјиште
- Средства од надомест за уредување на градежно земјиште и од самофинансирање на од заинтересирани правни и физички лица
- Самофинансирање од правни и физички лица
- Агенција за финансиска подршка на земјоделието и рурален развој
- Средства од утврдување на правен статус на бесправни градби
- Буџет на Општина Новаци и други извори

За 2022 година се предлага изработка на следните планови:

УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

1. УПС за село Новаци
2. УПС за село Гермијан
3. УПС за село Живојно
4. УПС за село Рибарци
5. УПС за село Градешница
6. УПС за село Будимирци
7. УПС за село Бач
8. УПС за село Горно Агларци
9. УПС за село Далбеговци
10. УПС за село Добромири

УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО

1. Урбанистички план вон населено место за изградба на градби со намена Г2, Г3, Г4, КО Новаци вон град, Општина Новаци
2. Урбанистички план вон населено место за изградба на градби со намена Е1.13 – површински соларни и фотоволтаични електрани, Општина Новаци

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТИ

1, Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на фотоволтаична електроцентрала со моќност до 1 MW со намена Е1.13 – површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 468, КП 469, дел од 488 КО Новаци вон.гр, Општина Новаци

2, Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објект со намена В5.1 – црква Св. Петар и Павле на КП 1820 КО Рапеш, Општина Новаци

3, Урбанистички проект за инфраструктура за Е1.7-топловод, село Новаци, Општина Новаци

Согласно член 93 ќе продолжат постапките за следните плански и планско – проектни документации согласно претходниот закон:

<u>ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА</u>

1. ЛУПД за изградба на намена Д3 – спорт и рекреација на КП 486 и дел од КП 487 КО Скочивир

<u>ПРОЕКТИ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА</u>

1. Проект за инфраструктура за изградба на фекална канализација за с. Добромири
2. Проект за инфраструктура за изградба на фекална канализација за с. Рибарци
3. Проект за инфраструктура за изградба на фекална канализација за с. Гермијан
4. Проект за инфраструктура за изградба на фекална канализација за село Бач
5. Проект за инфраструктура за изградба на систем за наводнување со придружни објекти на река Елешка, КО Гермијан, Општина Новаци
6. Проект за инфраструктура за изградба на локален пат ОП 114 врска крстосница с. Старавина - Р-1311 до с. Будимирци.
7. Проект за инфраструктура за изградба на сообраќајна инфраструктура (дел од улична мрежа) во село Далбеговци
8. Проект за инфраструктура за изградба на сообраќајна инфраструктура (дел од улична мрежа) во село Горно Агларци
9. Проект за инфраструктура за изградба на сообраќајна и комунална инфраструктура во село Долно Агларци
10. Проект за инфраструктура за Мала хидроелектрична централа и цевковод (реф. бр. 236) со пратечки објекти на река Коњарка, КО Скочивир, Општина Новаци
11. Проект за инфраструктура за Мала хидроелектрична централа и цевковод (реф. бр. 235) со пратечки објекти на река Коњарка, КО Скочивир, Општина Новаци

АРХИТЕКТОНСКО УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ

1, АУП за формирање на градежни парцели со намена Г2 за изградба на фабрика за производство на СО2, минерална вода и екстракти од треви и билки за КП бр.876 и КП бр.877/4 КО Новаци, согласно УПВНМ за фабрика за производство на на СО2 и екстракти од треви билки за градежна парцела бр.1, Општина Новаци

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Пред склучување на договорот со изготвувачот на планот, потребно е да му се достави Проектна програма која ќе ги содржи сите програмски насоки, потреби и функции, кои планот треба да ги содржи. Ова е со цел да се добијат квалитетни планови, истовремено и планови кои несметано ќе се реализираат.
Цената на плановите се пресметува по хектар од испланираната површина, по договор со правниот субјект – фирмата регистрирана за изработка на урбанистички планови, по пат на јавна набавка, согласно Законот за јавни набавки.
Во зависност од потребите, оваа програма може да се изменува и дополнува, со претходна согласност на Советот на Општина Новаци.
Оваа програма влегува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен гласник на Општина Новаци.

Совет на Општина Новаци

Претседател

Славица Најдовска-Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци„бр.07/2019, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Програма за еднакви можности
за 2022 година

1. Објавувам Програма за еднакви можности за 2022 година, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 29.12.2021 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-1093/15
31.12.2021 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа на член 62 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ„ бр5/02), во согласност со член 94 и член 21 став 1 точка 49 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци„ бр.07/2019), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 29.12.2021 година, донесе

ПРОГРАМА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ 2022 Година

Вовед

Годишната програма за еднакви можности на Општина Новаци опфаќа активности од областа на родовата еднаквост и недискриминација ,иницијативи и акции кои ќе водат кон унапредување на положбата на мажите и жените и заштитата од дискриминација.

Политиката на остварувањето на еднаквите можности на жените и мажите треба да овозможи еднакво учество,услови,статус и третман во остварувањето на правата во сите области на општественото живеење.

Политиката на родова рамноправност и зајакнувањето на жените,претставува едно од фундаменталните начела на демократијата и општествениот поредок. Родовата рамноправност во Република Северна Македонија е уставна категорија.

Оваа Програма за еднакви можности на Општина Новаци за 2022 година е изработена врз основа на Законот за еднакви можности на жените и мажите и Стратегијата за родова еднаквост 2013-2020 година.Основната цел на овој документ е да се подобри Статусот на жените и да се обезбеди континуиран развој во реализацијата на родовата рамноправност и борбата против дискриминацијата.

Општина Новаци во соработка со Комисијата за ЕМ и недискриминација пристапи кон изработка на програма за еднакви можности 2022 година во следните области

Зголемување на учеството на жените и мажите во донесувањето на одлуки и пристапот до ресурси во Општина Новаци

- Јакнење на жени / мажи идни раководители преку работилници
- Ефективно учество во институциите и донесувањето на одлуките
- Обука на советниците од Советот на Општина Новаци за еднакви можности и родова рамноправност

Родова еднаквост преку образование

- Обуки на самохрани родители за користење на алатки за on-line настава за следење и помош на своите деца
- Подршка на образовните потреби на деца во училишна возраст (самохрани и ниско образовни родители) – ангажирање на образовни асистенти
- Информирање на ученици кои го завршуваат основното образование за можностите кои ги нудат нетипичните образовни профили (поради недоволен

интерес на девојчињата и момчињата за изучување на нетипични образовни профили)

Родова еднаквост преку култура

- Промоција на родова рамноправност – Прослава на меѓународниот ден на женските права - 8 март

Родова еднаквост преку медиуми

- Организирање на кампања за јакнење на самодовербата на жена жртви на семејно насилство
- Едукација за облиците на дискриминација ,родовата еднаквост
- Кампања за подеднаква поделба на обврските во домот

Родова еднаквост преку здравство

- Подигање на свест за репродуктивно здравје
- Спроведување на едукација за рано откривање на малигни заболувања,дијабетис,срцеви болести

Родова еднаквост преку социјална заштита

- Родова анализа на корисниците на социјалната помош која се доделува од општината,олеснет пристап за остварување на еднократна помош
- Подобрување на квалитетот на животот на возрасните мажи и жени
- Организирање посети на стари лица ,самци,самохрани родители,лица со попреченост

Родова еднаквост преку активности против родово основано насилство и трговија со луѓе

- Организирање на активности, насочени кон подигнување на свеста за своите фундаментални права, промовирање на женските човекови права и родовата еднаквости препознавање на дискриминација

Родова еднаквост и економското јакнење на жената

- Подигнување на свеста на рураланата жена
- Климатските промени и влијаните врз земјоделието
- Зголемен број на жени претприемачи (отворени денови, едукација за сопствен бизнис 30)

- Преку отворање на првата детска градинка во Општина Новаци се овозможува на повеќето мајки активно вклучување во пазарот на трудот преку вработување или отворање на сопствени бизниси

Конкретни цели	**Предвидени мерки и активности**	**Одговорни институции**	Показатели на успех	Извори на финансирање	Потребни финансиски средства /Буџет
1.Економско јакнење на жените Зголемување на вработеноста на жените	1.1.Промоција на можностите за олеснет пристап до пазарот на трудот 1.2.Кампања за подобрување на транспарентноста на постапките за вработување 1.3.Промовирање на мерки за вработување и сопствен бизнис	КЕМ Граѓански организации АВРМ	Бр.на одржани трибини, обуки -број на посетители -зголемен број на нововработени жени -изработка на брошура -зголемен интерес на невработени жени за самовработување	Општина Новаци Граѓански организации	5.000,00 ден.
2. Подобрување на квалитетот на животот и **социјална заштита**	2.1.Организирање трибини 2.2. Организирање посети на стари лица, самци, самохрани родители, лица со попреченост 2.3.Олеснет пристап за остварување на еднократна помош 2.4Подобрување на квалитетот на животот на возрасните мажи и жени 2.5Организирање на обуки за	КЕМ Граѓански организации Црвен крст ЦСР Координатор за еднакви можности Меѓуопштински центар за социјална работа Испорачувачи на ИТ обуки	Број на корисници Број на одржани редби, посети, Број на корисници на помош	Општина Новаци Граѓански организации	10.000,00 ден.

	ослободување од стресот предизвикан од појавата на Корона вирусот ,посебно кај самохраните родители 2.6Обуки на самохрани родители за користење на алатки за on-line настава за следење и помош на своите деца				
3. Унапредување на здравјето на мажите и жените во однос на малигните заболувања, дијабетис, срцеви болести Подигање на свеста за репродуктивното здравје	3.1. Спроведување здравствена едукација за рано откривање на малигни заболувања 3.2. Бесплатни прегледи, мерења	КЕМ Граѓански организации Црвен крст ЈЗУ Координатор за еднакви можности	Бр.на посетители Бр.на извршени прегледи	Општина Новаци Граѓански организации	10.000,00 ден.
4. Ефективно остварување на **човековите права**	4.1.Едукација за облиците на дискриминација, родовата еднаквост 4.2.Обука на советниците од Советот на Општина Новаци за еднакви можности и родова рамноправност	КЕМ Граѓански организации координатор за еднакви можности Советници	Бр.на обуки -бр.на посетители -печатени флаери	Општина Новаци Граѓански организации	5.000,00 ден.
5. Јакнење на свесноста на жените за зголемено	5.1.Трибини 5.2.Средби	КЕМ Граѓански организации Координатор за	-бр.на посетители -бр.на жени кандидати	Општина Новаци Граѓански организации	5.000,00 ден.

учество **во политичкиот живот**		еднакви можности			
6. Борба против **родово базирано насилство**, заштита и поддршка на жртвите	6.1.Едукација за облици на родово базирано насилство преку работилници за подигање на свеста за превенција и заштита од родово насилство во училиштата	КЕМ Координатор за еднакви можности ОУ Граѓански организации	Бр. На одржани работилници Посетеност	Општина Новаци Граѓански организации	10.000,00 ден.

Јакнење на свесноста на жените за зголемено учество во политичкиот живот

- Подигање и јакнење на свесноста на жените за зголемено учество во политичкиот живот,преку организирање на трибини и средби

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска-Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци„бр.07/2019, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Програма за одржување на локалните водоводи во општина Новаци за 2022 година

1. Објавувам Програма за одржување на локалните водоводи во општина Новаци за 2022 година, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 29.12.2021 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-1093/16
31.12.2021 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа на член 62 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ„ бр5/02), во согласност со член 94 и член 21 став 1 точка 49 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци„ бр.07/2019), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 29.12.2021 година, донесе

ПРОГРАМА

за одржување на локалните водоводи во Општина Новаци за 2022 година

Со оваа програма се утврдуваат обемот на работите и средствата за одржување на локалните водоводи на подрачјето на Општина Новаци за 2022 година.

1. **Одржување на водовод во с. Бач**
   - Потрошена електрична енергија ..... 30.000 ден.
   - Одржување на линијата на водоводни цевки, фасонски делови и шахти ..... 40.000 ден.
   - Пумпна станица со комплетна опрема ..... 100.000 ден.
2. **Одржување на водовод во с. Брод**
   - Потрошена електрична енергија ..... 30.000 ден.
   - Одржување на линијата на водоводни цевки, фасонски делови и шахти ..... 40.000 ден.
   - Пумпна станица со комплетна опрема ..... 100.000 ден.
3. **Одржување на водовод во с. Живојно**
   - Потрошена електрична енергија ..... 30.000 ден.
   - Одржување на линијата на водоводни цевки, фасонски делови и шахти ..... 40.000 ден.
   - Пумпна станица со комплетна опрема ..... 100.000 ден.
4. **Одржување на водовод Пет чешми - Мариово (Градешница, Старавина, Зовиќ, Будимирци)**
   - Одржување на линијата на водоводни цевки, фасонски делови и шахти ..... 55.000 ден.
5. **Одржување на водовод во с. Добровени**
   - Одржување на линијата на водоводни цевки, фасонски делови и шахти ..... 24.000 ден.
6. **Одржување на водовод во с. Скочивир**
   - Одржување на линијата на водоводни цевки, фасонски делови и шахти ..... 20.000 ден.
7. **Одржување на водовод во с. Маково**
   - Одржување на линијата на водоводни цевки, фасонски делови и шахти ..... 22.000 ден.
8. **Одржување на водовод во с. Рапеш**
   - Одржување на линијата на водоводни цевки, фасонски делови и шахти ..... 20.000 ден.
9. **Одржување на водовод во с. Долно Орехово**

- Одржување на линијата на водоводни цевки, фасонски делови и шахти ..... 20.000 ден.

10. Одржување на водовод во с. Грумази

- Одржување на линијата на водоводни цевки, фасонски делови и шахти ..... 20.000 ден.

11. Одржување на водовод во с. Мегленци

- Одржување на линијата на водоводни цевки, фасонски делови и шахти ..... 20.000 ден.

12. Одржување на водовод во с. Арматуш

- Одржување на линијата на водоводни цевки, фасонски делови и шахти ..... 20.000 ден.

ВКУПНО РАСХОДИ: 731.000 ден.

Со водоводот во населените места во с. Бач, с. Брод и с. Живојно, стопанисува Ј.П.К.Д, „Комунална Хигиена“ – Новаци, додека пак со водоводот во населените места во с. Новаци, с. Рибарци, с. Гнеотино, с. Гермијан, с. Добромири, с. Горно и Долно Агларци и с. Далбеговци, стопанисува Ј.П. „Водовод“ – Битола, а со останатите локални водоводи стопанисуваат самите месни заедници.

Тековното одржување на водоводната мрежа во населените места кои се поврзани на градскиот водовод, го врши Ј.П „Водовод“ – Битола, додека одржувањето на останатите локални водоводи ќе го врши Ј.П.К.Д. „Комунална Хигиена“ – Новаци.

Оваа програма влегува во сила со денот на донесување на истата од страна на Советот на Општина Новаци и ќе се објави во Службен гласник на општина Новаци.

Совет на Општина Новаци

Претседател

Славица Најдовска-Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци„бр.07/2019, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Програма за одржување на јавна чистота (јавни површини, паркови, зеленило и рекреативни површини) на територијата на Општина Новаци за 2022 година

1. Објавувам Програма за одржување на јавна чистота (јавни површини, паркови, зеленило и рекреативни површини) на територијата на Општина Новаци за 2022 година
, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 29.12.2021 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-1093/17
31.12.2021 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа на член 12 од Законот за јавна чистота („Службен весник на РМ„ бр. 111/2008), член 41 од Законот за управување со отпад („Службен весник на РМ„ бр. 68/2004, 71/2004, 107/2007, 102/2008 и 143/2008), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа(Сл. весник на РМ бр. 5/2002) во согласност со член 94 и член 21 став 1 точка 49 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци„ бр.07/2019) , Советот на општината Новаци,на седницата одржана на ден 29.12.2021 година, ја донесе следната

ПРОГРАМА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНА ЧИСТОТА (јавни површини, паркови, зеленило и рекреативни површини) на територијата на Општина Новаци за 2022 година

Со оваа програма се утврдуваат работите за одржување на јавна чистота на подрачјето на Општина Новаци за 2022 година. Сите активности и работи кои ќе се преземат за одржување на јавната чистота се во зависност од повеќе фактори, како од густината на населението, густината на возила, културни навики на населението, инфраструктирните услови и инситуционалните и граѓанските потреби, самодисциплината на граѓаните, придржувањето на локални закони и др.

Законот за јавна чистота, со кој се уредуваат условите и начинот на одржување на јавна чистота, правата и обврските на учесниците во одржувањето на јавната чистота е акт со кој законодавецот има намера поажурно да ја одржува јавната чистота, а тоа е нешто што го налага самото урбано живеење. Имено, со овој закон се предвидува наплата на надоместок за одржување на јавна чистота, при што се очекува изворот на средства да биде обезбеден, со што давателите на услуги ќе бидат во можност поефикасно да ги извршуваат активностите на одржување на јавна чистота.

Видот и начинот на одржување на јавна чистота, покрај од друго, директно зависи од уреденоста, состојбата и одржувањето на јавно прометните површини. Затоа укажуваме дека како општина можеме да пружиме подобра услуга по обем, динамика и квалитет доколку инфраструктурните претпоставки во Општина Новаци се подобрат, а почитувањето на комуналниот ред, сообраќајните прописи и друго се подигнат на повисоко ниво од досегашното.

Посебно внимание ќе се обрати при одржување, уредување и зашитита на парковите и зеленилото кои претставуваат места за одмор и рекреација на граѓаните на Општина Новаци.

Програмата подразбира организирано собирање и транспортрирање на комунален отпад на јавните површини и отворените површини на јавните објекти во рамките на законската регулатива што има директно влијание во зачувувањето на животната средина. Собирањето и транспортот на комуналниот отпад од јавни површини се врши со специјални возила за таа намена.

Моменталната состојба со управувањето на комуналниот отпад во Општина Новаци е во добра состојба. Во 2020 година набавени се нови возила за собирање на смет, чистење на јавни површини и слично кои ги задоволува потребите на граѓаните на Општина Новаци. Во 2022 година планираме поинтензивна и испланирана акција за селектирање, собирање и намалување на волуменот на селективниот комунален отпад.

Со набавката на новите возила планираме да постигнеме:

- Динамика во редовноста на услугата со оптимално ангажирање на возилата и доволно простор за правилно одржување на истите;
- Унапредена услуга која ќе има позитивно влијание врз угледот на општината, граѓаните и надлежните служби.

СТРАТЕШКА ЦЕЛ

Програмата на Општина Новаци за одржување на јавната чистота е насочена кон одржување на јавната чистота на јавните површини и на отворените простори на јавните објекти, заради обезбедување на поквалитетни услови за живот на граѓаните и почиста животна средина во општината.

ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Општата цел на програмата е да се обезбеди редовно чистење (метење и миење) на јавните површини и отворените простори на јавните објекти, како и чистењето на снегот и марзот во зимски услови.

Со оваа програма се утврдуваат:

- територијата, распоредот и фреквенцијата за одржување (метење и миење) на јавните површини, парковите и рекреативните површини;
- основните начела на вршење на работите за одржување на јавната чистота;
- надзор во спроведувањето;
- начинот на финансирање.

ПРЕДМЕТ НА ПРОГРАМАТА

Одржување на јавната чистота на територијата на Општина Новаци ќе ги прифати јавните површини како: улици, тротоари, пристапни патишта, плоштади и уредени отворени простори, паркинг простори, скалила кои ги поврзуваат површините за јавен сообраќај, видиковци, автобуски и такси станици и сл.

Во спроведувањето на програмата се изведуваат следните активности:

- рачно метење на јавните површини, парковите, рекреативните површини;
- машинско и рачно чистење на улиците од наноси на земја после врнежи од дожд;
- миење на јавните површини;
- собирање и транспортирање на отпадот од одржување на јавната чистота до општинските времени депонии во населените места од општината;
- рачно чистење на снегот и мразот во зимски услови.

ДИНАМИКА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

ЧИСТЕЊЕ НА ЈАВНИТЕ ПОВРШИНИ

Под поимот јавни површини спаѓаат сите јавни површини на територијата на Општина Новаци. Постојат два вида на јавни површини по основ на начинот на одржување за да бидат во функција за потребите на граѓаните на Општина Новаци и тоа: Јавно прометни површини кои се во функција на граѓаните за одвивање на сообраќај на граѓани и возила и јавни прометни површини – паркови и зеленило кои се во функција на граѓаните за одмор и рекреација.

Отпадот на јавните површини е од разно потекло, како:

- хартии и пластична амбалажа од разни паковања, пет-амбалажи, пластични пакувања, кутии од цигари, отпушоци и разни прехрамбени материјали;
- отпадоци од возила - при превоз на градежни материјали, овошје, зеленчук и други растенија, при товарање и растоварање на градежен материјал и растенија и сл.;
- биоразградлив отпад (лисја од дрвја, цвет, суви гранки, разни зелени остатоци од земјоделски насади, песок, гранулат кои служат за топење на снегот во зимски услови).

За изработка на организационен план за чистење на јавните површини потребна е и категоризација на истите. Категоризацијата зависи од густината на населението и сообраќајот и правците на движење на граѓаните и возилата до фирмите, домовите и секојдневните потреби.

МЕТОДИ НА ЧИСТЕЊЕ

I. ОДРЖУВАЊЕ СО МЕТЕЊЕ

Прва категорија

Централно подрачје - улици, тротоари, плоштади, автобуски и такси станици кои се во густа фрекфенција на движење. Метењето ќе се извршува пет дена во неделата.

Ред. бр.	Јавни површини	Површина во m^2	Број на работници	Работни денови (месечно)	Вкупна површина (месечно)	Годишно (месеци)	Вкупна површина (годишно)
